***Автор:*** *Сашо Клековски*
***Дата:*** *декември, 2013 година*
***ISBN:*** *978-608-4681-16-8*
***PDF MK:*** **globalno-vodstvo-2013.pdf**
***PDF EN:*** **global-leadership-neighbourhood-and-relations-with-bulgaria.pdf**




Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија (ИДСЦС) за прв пат го спроведоа истражувањето „Глобално водство, соседство и односи со Бугарија“, кое треба да послужи за информирана јавна дебата за предизвиците на Македонија во натамошните евроатлантски интеграции.

Извештајот содржи три дела: Глобално водство; Односи со соседните земји; и Односи со Бугарија.

Во првиот дел се испитувани ставовите на граѓаните за глобалното водство, како и за најпријателска земја за Македонија и најдобар сојузник на Македонија.

Во вториот дел се испитувани ставовите на граѓаните и јавни информирани личности за важноста на односите со соседите, оценката на односите, перцепцијата на

најпријателски и најнепријателски сосед, поединечните перцепции за соседите, подобрување на односите, најдобро лично искуство, познавање на историјата и културата на соседите и споделување на истата, најмногу предрасуди и со кој сосед се посакуваат најблиски односи.

Во третиот дел се презентирани ставовите на граѓаните за пречките за поинтензивна соработка меѓу Бугарија и Македонија, важноста на подобрувањето на односите со Бугарија, потребните чекори за подобрување на меѓусебните односи, перцепциите за одредени видни личности, начин на решение на прашањето на малцинствата, договорот за добрососедство и поддршката од Бугарија за интеграциите во ЕУ.

Испитувањето на јавното мислење направено преку теренска анкета во периодот 15 ноември – 1 декември 2013 г на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници со +/- 3 % грешка. Анкетата ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.